# З А П И С Н И К

од І-та конститутивна седница на Надзорниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија одржана на ден 16.08.2018 година

На состанокот беа присутни тројца, од вкупно пет члена на Надзорниот одбор и тоа: Д-р Ѓорѓи Топузоски, Д-р Сабетим Черкерзи и Д-р Антонио Жунгалов.

Откако утврди кворум за одржување на седницата, претседателот на Надзорниот одбор д-р Ѓорѓи Топузоски го предложи следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Конституирање на Надзорниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија.
2. Запознавање на новоизбраните членови на Надзорниот одбор со надлежностите согласно Законот, Правилникот и Деловникот за работа на Надзорниот одбор.
3. Разно

По усвојување на дневниот ред, за заменик на претседателот на Надзорен одбор беше избран д-р Антонио Жунгулов. Претседателот на Комората д-р Денковски кој присуствуваше на состанокот даде предлог заради координација, на секој соостанок на Извршниот одбор да присуствува по еден член од Надзорниот одбор. Исто така, сите одлуки на Собранието, Извршниот одбор и другите органи и тела на Комората да бидат редовно доставувани на увид на Надзорниот одбор. Одлуката беше усвоена.

Воедно, бидејќи последниот состанок на предходниот состав на Надзорниот одбор не заврши со донесување на одлуки и заклучоци од расправата по однос на приговорот на Р.О. Прилеп во врска со верификацијата на мандатите на делегатите во новиот состав на Собранието, беа побарани на увид записниците од седницата одржана на 15.05. и продолжението на седницата од 29.05.2018 година кои ќе бидат разгледувани на следната седница на Надзорен одбор.

Претседател на Надзорен одбор на
Стоматолошка комора на Македонија
**Д-р Ѓорѓи Топузоски**